[redacted]

Република Македонија
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Анѓелка Ефкоска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 и Скопје 2**
**ул. Максим Горки бр.8а/1**
**тел. 02 3213-473**

23 -11- 2018
03 28080/1

Образец бр.50

И.бр.287/18

Извршителот **Анѓелка Ефкоска** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ** од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа [redacted] на [redacted] против должникот [redacted], [redacted] од Скопје со ЕДБ [redacted] и седиште на [redacted] и заложниот должник [redacted] од Скопје со ЕМБГ [redacted] и живеалиште на [redacted] за спроведување на извршување во вредност [redacted] ден., на ден 22.11.2018 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА Прва продажба со усно јавно наддавање на следните недвижности:

I.Недвижности запишани во имотен лист во **имотен лист бр. 1476 за КО Стајковци** при АКН Центар за катастар на недвижности Скопје дел на недвижност:1/1 која се наоѓа во сопственост на заложниот должник [redacted] од Скопје со следните ознаки:
1. Број на катастарска парцела основен:202; дел:1; викано место:Орман Трло; катастарска култура:11000; катастарска класа:3; површина во м2:1095; право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем:831, со почетна вредност од 16.425,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.
2. Број на катастарска парцела основен:241; дел:1; викано место:Орман Трло; катастарска култура:11000; катастарска класа:3; површина во м2:3895; право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем:831,со почетна вредност од 58.425,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање
3. Број на катастарска парцела основен:249; викано место:Орман Трло; катастарска култура:11000; катастарска класа:3; површина во м2:1039; право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем:831,со почетна вредност од 15.585,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижностите се оптоварени со следните товари и службености:
-Хипотека од прв ред во корист на Халк Банка АД Скопје

II. Недвижности запишани во **имотен лист бр. 2146 за КО Црешево** при АКН Центар за катастар на недвижности Скопје дел на недвижност:1/1 во сопственост на заложниот должник [redacted] со следните ознаки:
1.Број на катастарска парцела основен:2462; викано место:Црвеника; катастарска култура:16000; катастарска класа:5; површина во м2:1964; право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем:831,со почетна вредност од 14.730,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање
2. 396м2 од бесправно изграден подземен објект во делот кој се протега само на катастарска парцела бр.2462 со проценета градежна вредност во износ од 71.579,00 евра во денарска

противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на продажбата, под која не може да се продаде на првото јавно наддавање.

*Напомена: 396 м2 од бесправно изградениот подземен објект се продава заедно со недвижноста опишана во точка бр.1 на КП 2462, која е предмет на хипотеката, како нејзин пропадок и прирасток. Остатокот од бесправно изградениот подземен објект не е предмет на продажба.*

*Подземниот објект се простира на три кастарски парцели: на КП2462 запишана во Имотен лист 2146 за КО Црешево со површина од 396м2, на КП2463 запишана во Имотен лист 386 за КО Црешево со површина од 38м2, и на КП2464 запишана во Имотен лист 698 за КО Црешево со површина од 114м2 и поради тоа истиот не може да биде предаден во фактичко владение на евентуалниот купувач.*

*Истото видно опишано во извештај за процена на недвижен имот и наод и мислење за проценета градежна вредност на нелегално изграден објект број 80-014/18 од 06.11.2018 год. на Друштво за услуги ,,М&Н УСЛУГИ,, ДОО Скопје.*

Недвижностите се оптоварени со следните товари и службености:

-Хипотека од прв ред во корист на Халк Банка АД Скопје

Продажбата ќе се одржи на ден 10.12.2018 година во 11:00 часот во просториите на Извршителот Ангелка Ефкоска на адреса ул.Максим Горки бр.8а/1 Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210064599600294 која се води кај НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ и даночен број МК5082009500051.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник „Нова Македонија"и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л

Ангелка Ефкоска

Д.-на: Нова Македонија/заложен должник/доверител/сопственици на соседни парцели/Град Скопје/архива на извршител

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Скопје 2 Скопје согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.